

На покана од Секторот за превенција и инспекциски надзор при Управата за заштита на културното наследство, во периодот од 20.05 до 23.05.2008 година, управата ја посети стручен тим од експерти на Инспекторатот за култура и медиуми на Република Словенија (КМИРС). Стручниот тим од Република Словенија го сочинуваа:

- г. Александар Видмар, архитект, главен инспектор,
- г. Драган Матиќ, инспектор, виш Советник,
- г- ѓа Матеја Жупан, архитект, инспектор - виш Советник.



Во рамките на организираниот престој со гостите од Република Словенија се одржаа повеќе работни средби на кои се разменија досегашните искуства во примената на Законите за заштита на културното наследство, особено во областа на превенцијата и инспекцискиот надзор на културното наследство. Тема на средбите беше запознавање со новиот Закон за заштита на културното наследство на Република Словенија, кој е изработен и усогласен во целост со препораките на ЕУ, а се применува од 01.03.2008 година. Исто така од особен интерес беа и инфомациите околу подготовките и донесувањето на подзаконските акти од областа на заштитата на културното наследство кои се во тек во Република Словенија, а кои ќе претставуваат позитивно искуство во усогласувањето на законската регулатива во Република Македонија која ја опфаќа оваа проблематика.

